Државен завод
за статистика

# ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ
## ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2025

# ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

## ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, 2025

**Жените и мажите во Северна Македонија, 2025**

**Издавач: Државен завод за статистика**
Даме Груев бр. 4, Скопје
Република Северна Македонија
тел.: +389 (0)2-3295-600
факс: +389 (0)2/3111-336
Поштенски фах 506

**Одговара: Дејан Станков**, директор
**Уредник:** Татјана Ѓорѓиевска
**Лектор на македонски јазик:** Виолета Караџовска Стојанова
**Дизајн:** Нита Хаџихамза Гаши
**Печатено во:** Полиестердеј, Скопје
**Тираж:** 100 примероци
**Број на страници:** 103
**Година на издавање:** 2025

При користење на податоците да се наведе изворот:
Државен завод за статистика на Република Северна Македонија (2025) Жените и мажите во Северна Македонија

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

31:314.117-055.1/.2(497.7)"2025"
314.117-055.1/.2(497.7)"2025"

ЖЕНИТЕ и мажите во Северна Македонија : 2025 / [уредник Татјана Ѓорѓиевска]. - Скопје : Државен завод за статистика, 2025. - 103 стр. ; 20 x 20 см

ISBN 978-608-227-359-4

а) Население -- Полова структура -- Македонија -- 2025 -- Статистика

COBISS.MK-ID 66044933

Sweden
Sverige

UN WOMEN

Развивањето и печатењето на оваа публикација беа поддржани во рамките на програмата на UN Women „Промовирање на родово одговорно управување во Република Северна Македонија" финансирана од Шведска. Мислењата и ставовите изразени во оваа публикација се мислења и ставови на авторите и нужно не ги претставуваат мислењата и ставовите на UN Women, Обединетите нации или на другите придружни организации, или Шведска како донатор.

# СОДРЖИНА

| | |
|---|---|
| Скратеници | 4 |
| Предговор | 5 |
| Клучни настани во поглед на законодавството и политиката за родова еднаквост во Северна Македонија | 6 |
| 1. НАСЕЛЕНИЕ | 11 |
| 2. ЗДРАВСТВО | 33 |
| 3. ОБРАЗОВАНИЕ И КОМУНИКАЦИИ | 41 |
| 4. ЕКОНОМСКО УЧЕСТВО | 63 |
| Структура на заработувачка | 79 |
| 5. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА | 83 |
| 6. МОЌ И ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ | 89 |
| 7. КРИМИНАЛ И ПРАВДА | 95 |

# СКРАТЕНИЦИ

| | |
|---|---|
| **АРС** | Анкета за работна сила |
| **ДЗС** | Државен завод за статистика |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **Истанбулска конвенција** | Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство |
| **ИКТ** | Информациски и комуникациски технологии |
| **НАП** | Национален акциски план |
| **ОН** | Обединети нации |
| **ЦОР** | Цел(и) за одржлив развој |
| **ТФР** | Тотална стапка на фертилитет |
| **CEDAW** | Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените |
| **GREVIO** | Експертско тело на Совет на Европа за имплементација на Истанбулската конвенција |
| **NEET** | Лица што не се вработени и не посетуваат образование или обука |
| **UN Women** | Тело на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените |

# ПРЕДГОВОР

Почитувани корисници,

Родовата статистика игра клучна улога во обликувањето на политиките и иницијативите насочени кон постигнување родова еднаквост. Тие обезбедуваат емпириски докази кои информираат за донесување одлуки, ги истакнуваат разликите и го следат напредокот со текот на времето. Државниот завод за статистика (ДЗС) беше во првите редови во собирањето, анализирањето и споделувањето на родово распределени податоци во нашата земја, а со тоа поттикнувајќи подлабоко разбирање на динамиката меѓу жените и мажите во различни сектори.

Од своето основање во 2000 година, па сè до денес, публикацијата „Жените и мажите во Северна Македонија" служи како камен-темелник, нудејќи увид во демографските, образовните и економските карактеристики на населението. Ова четиринаесетто издание ја продолжува традицијата на обезбедување на сеопфатни и ажурирани статистички податоци, што ја одразува посветеноста на ДЗС за одржување на континуитетот на податоците, истовремено воведувајќи нови индикатори што ги прикажуваат новите трендови и предизвици.

Соработката помеѓу ДЗС и UN Women беше клучна за подобрување на квалитетот и опсегот на родовите статистики во земјата. Ова партнерство осигурува дека податоците не само што се придржуваат до меѓународните стандарди, туку и се однесуваат на специфичните потреби на политичкиот пејзаж на државата. Презентираните индикатори им овозможуваат на засегнатите страни да ја следат ефективноста на иницијативите за родова еднаквост и да ги идентификуваат областите за кои е потребна понатамошна интервенција.

Преку испитување на трендовите во образованието, вработувањето, здравството и донесувањето одлуки, оваа публикација нуди нијансирана перспектива за напредокот и назадувањето во работата за родова еднаквост. Таа служи како суштинска алатка за креаторите на политики, истражувачите и застапниците посветени на создавање рамноправно општество каде што можностите и резултатите не се одредуваат според полот.

Ги покануваме читателите да се вклучат во презентираните податоци, да размислат за направените чекори и да ја препознаат работата што останува. Само преку информирана анализа и заеднички напори можеме да продолжиме да напредуваме кон иднина каде што родовата еднаквост е жива реалност за сите наши граѓани.

Директор
д-р Дејан Станков

## КЛУЧНИ НАСТАНИ ВО ПОГЛЕД НА ЗАКОНОДАВСТВОТО И ПОЛИТИКАТА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| 1991 | • Пристапување кон Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (CEDAW) и потпишување на Факултативниот протокол што стапи на сила во 2003 година |
| 1995 | • Потпишување на Пекиншката декларација и на Платформата за акција, донесени на Четвртата светска конференција за жените во Пекинг |
| 1997 | • Донесена Одлука за формирање Одделение за унапредување на родовата еднаквост при Министерството за труд и социјална политика |
| 1999 | • Донесен првиот Национален акциски план за родова еднаквост |
| 2001 | • Се воведува родова квота, која налага 30% од кандидатите на изборните листи на национално и на локално ниво да бидат од помалку застапениот пол |
| 2003 | • Основан е Клуб на пратенички – неформална и меѓупартиска група на пратенички од Собранието на Република Северна Македонија |
| 2005 | • Донесен Закон за работни односи, со одредби за заштита од дискриминација и еднакви можности на жените и мажите |
| 2006 | • Донесен Закон за еднакви можности на жените и мажите<br>• Основана Комисија за еднакви можности на жените и мажите во Собранието на Република Северна Македонија<br>• Родовата квота за изборите е проширена и налага секое трето лице на кандидатските листи да биде од помалку застапениот пол |
| 2007 | • Одделението за унапредување на родовата еднаквост при Министерството за труд и социјална политика (1997) се реорганизира и прераснува во Сектор за еднакви можности, со што се унапредува неговиот статус и му се дава севкупна одговорност за унапредување на статусот на жените и мажите во сите сфери на општествениот живот<br>• Назначени координатори за еднакви можности на жените и мажите во сите институции на централно и на локално ниво<br>• Донесен вториот Национален акциски план за родова еднаквост за периодот 2007 – 2012 година |

| | |
|---|---|
| 2010 | • Донесен Закон за спречување и заштита од дискриминација<br>• Донесена Стратегија за безбедно мајчинство за 2010 – 2015 година, со НАП за нејзино спроведување |
| 2011 | • Донесена Стратегија за сексуално и репродуктивно здравје за 2011 – 2020 година, со НАП за нејзино спроведување |
| 2012 | • Донесена Стратегија за родово одговорно буџетирање (2012 – 2017)<br>• Донесен првиот НАП за имплементација на Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност на ОН Жените, мирот и безбедноста (2013 – 2015)<br>• За првпат во Северна Македонија донесен Закон за минимална плата – не се однесува експлицитно на жените, туку ги опфаќа ниско платените работни места на кои преовладуваат жените |
| 2013 | • Донесена првата Стратегија за родова еднаквост за 2013 – 2020 година<br>• Донесен Закон за прекинување на бременоста (Закон за абортус) – со кој се ограничува пристапот на жените до абортус |
| 2014 | • Донесен Закон за спречување и заштита од семејно насилство<br>• Концептот на родово одговорно буџетирање (РОБ) е воведен и за првпат спроведен во државните институции и во единиците на локалната самоуправа |
| 2015 | • Измени и дополнувања на Изборниот законик, со кои се зголемува родовата квота од 30% на 40% застапеност на помалку застапениот пол на кандидатите на изборните листи<br>• Измени и дополнувања на Законот за работни односи – со кои се налага еднаква плата за жените и мажите и еднаков третман во поглед на вработувањето, работното време, условите за работа, професионалните шеми за социјално осигурување и отсуството од работа |
| 2017 | • Донесен Закон за ратификација на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција) (која беше потпишана во 2011 година, а стапи на сила во 2018 година)<br>• Измени и дополнувања на Законот за минимална плата – за изедначување на минималната плата со националниот просек за работниците во текстилната, кожарската и чевларската индустрија, каде што најголем дел од вработените се жени |

| | |
|---|---|
| 2018 | • Донесен третиот Национален акциски план за родова еднаквост за 2018 – 2020 година<br>• Донесен НАП 2018 – 2023 за имплементација на Истанбулската конвенција – за усогласување на националното законодавство со одредбите од Конвенцијата, како и исполнување на обврските за спречување родово базирано насилство, обезбедување ефективна заштита на жртвите и гонење и казнување на сторителите<br>• Измени на Методологијата за стратегиско планирање и подготовка на Годишната програма за работа на Владата – кои придонесоа за воспоставување механизам за вклучување на родовата перспектива во стратегиските планови и годишните програми и следење на нивната реализација<br>• Донесена Стратегија за развој на женското претприемништво 2019 – 2023 година – со цел да се развие претприемачки екосистем за континуирано унапредување на женското претприемништво, преку вклучување на сите релевантни засегнати страни, зголемување на бројот на старт-ап претпријатија во сопственост на жени, зголемување на бројот на вработени во фирми основани од жени и зголемување на бројот на жени вработени во претпријатијата<br>• Донесени измени на Законот за учебници за основно и средно образование – со цел да се ограничат дискриминирачките и стереотипни содржини во учебниците и да се обезбеди квалитет<br>• Донесени измени на Законот за основно образование – со кои се воведе одредба за антидискриминација |
| 2019 | • Донесен нов Закон за прекинување на бременоста (Закон за абортус) – со кој се укинаа одредбите за задолжителниот период за советување и други административни бариери за остварување на правото на абортус<br>• Донесен нов Закон за социјална заштита – реформа на целокупниот систем на социјална заштита за поефективно исполнување на потребите на граѓаните, при што особено значајно место заземаат жените и девојките од ранливите категории |
| 2020 | • Донесен Закон за спречување и заштита од дискриминација – со кој се признаваат родовиот идентитет и сексуалната ориентација како дискриминирачки основи и се воведува концептот на интерсекциска дискриминација<br>• Донесен вториот Национален акциски план за спроведување на Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност на ОН (2020 – 2025) |

| | |
|---|---|
| 2021 | • Донесен Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство – усогласен со барањата на Истанбулската конвенција |
| 2022 | • Донесена нова Стратегија за родова еднаквост 2022 – 2027 година, која содржи јасно наведени општи и специфични цели, очекувани резултати и индикатори за следење и евалуација<br>• Поднесен е првиот извештај од Северна Македонија до GREVIO - експертското тело при Советот на Европа за имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство – Истанбулската конвенција<br>• Донесен е Закон за буџети со кои за прв пат се регулира принципот на родово одговорно буџетирање и обврската за вклучување на родови индикатори и родово буџетска изјава на централно и на локално ниво<br>• Донесен е предлог-законот за измена и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност со кој се намалува стапката за прометот со менструални производи<br>• Отворен е Ресурсен центар за родово одговорно креирање на политики и буџетирање од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади, во партнерство со Канцеларијата на UN Women во Северна Македонија |
| 2023 | • Усвоени измени на Кривичниот законик за препознавање на повеќе типови родово базирано насилство, како што се демнење, полово вознемирување, економско насилство и друго<br>• Ратификација на Конвенцијата на Меѓународната организација на трудот за елиминирање на насилството и вознемирувањето во светот на работата, бр.190 |
| 2024 | • Гордана Сиљановска – Давкова избрана за прва жена Претседателка на Република Северна Македонија<br>• Формирана Државна комисија за надоместок за жртви од кривични дела со насилство, со што се обезбедува поголема заштита на жртвите на насилство поврзано со семејно и родово-базирано насилство, кривично дело со кое се повредува половиот интегритет, трговија со луѓе и други видови насилство. |



# НАСЕЛЕНИЕ

Според податоците од последниот Попис на населението, домаќинствата и становите во 2021 година, Република Северна Македонија има 1 836 713 жители, што е за 5.6 % помалку во однос на Пописот од 1994 година и 9.2 % помалку во однос на Пописот од 2002 година.

Процентуалното учество на жените и на мажите во вкупното население е речиси подеднакво, но за првпат во Пописот 2021 учеството на жените со 50.4 % е поголемо од учеството на мажите (49.6 %). Овој податок оди во прилог и на показателот за бројот на мажи на 1000 жени што изнесува 984.3 мажи на 1000 жени.

Гледајќи ја состојбата по возрасни групи, во возрасната група од 0 до 14 години бројот на мажи е за 6.7 % поголем од бројот на жени, во возрасната група од 15 до 64 години бројот на мажи е само за 0.7 % поголем од бројот на жени, а во возрасната група од 65 и повеќе бројот на жени е за 16.8% поголем од бројот на мажите. Куриозитет е што во Република Северна Македонија е попишано и 51 лице на возраст над 100 години, од кои 33 се жени, а 18 се мажи.

Во земјава доминира урбаното население со вкупно 1 131 356 жители (или 61.6 %), додека во руралните средини живеат 705 357 жители (или 38.4 %). Учеството на жените во руралните средини изнесува 37.5 % од вкупниот број на жени, а на мажите 39.3 % од вкупниот број на мажи.

Според Пописот од 2021 година, во вкупното резидентно население бројот на лицата со попреченост изнесува 94 412 лица од кои 55.3 % се жени.

Според Пописот од 2021 година, според типот на семејството, од вкупно 538 348 семејства, 10.1 % се сами мајки со деца, а 3.2 % сами татковци со деца.

Според податоците од последната Проценка на населението, состојба на 30.06.2023 г., Република Северна Македонија има 922 015 жени и 905 801 мажи, а процентуалното учество на жените и на мажите е речиси подеднакво, т.е. 50.4 % се жени и 49.6 % се мажи. Односно бројот на мажи на 1000 жени во 2023 година изнесува 982.4.

Во однос на старосната структура, македонското население сè повеќе старее и денес се наоѓа во состојба на демографска старост. Стареењето на нацијата го потврдуваат и податоците според возрасните групи, каде што бројот на старо население е во пораст, но и неговото учество во вкупното население, исто така. Според Проценката на населението во 2023 година, учеството на населението на возраст од 0-14 години изнесува 16.7 %, од 15-64 години изнесува 65.4 %, а учеството на старото население од 65 и повеќе години изнесува 17.9 %.

Демографските показатели на регионално ниво покажуваат разлики што укажуваат на диспропорции во територијалната дистрибуција на населението. Најгусто населен е Скопскиот, а најретко населен е Вардарскиот регион.

Во однос на учеството на машкото население наспрема женското по региони, само три региони имаат поголем процент на машко население, односно Вардарскиот со 50.3 %, Југоисточниот со 50.1 % и Североисточниот со 50.2 %.

Во последните децении, Република Северна Македонија се соочува со бројни предизвици кои произлегуваат од постоечките економски и социјални состојби, кои имаат директно влијание врз населението. Додека стапките на раѓања се намалуваат, а со тоа се намалува и учеството на младите во целокупната структура на населението, бројот на старите луѓе сè повеќе се зголемува.

Во 2023 година, просечната возраст на населението изнесува 41.2 години (на жените 42.1 години и на мажите 40.3 години). Според очекуваното траење на животот во Република Северна Македонија, жените живеат 77.6 години, односно за 4.4 години подолго од мажите, кои живеат 73.2 години.

Според вредноста на тоталната стапка на фертилитет (ТФР) во 2023 година, која изнесува 1.5 живородени деца на една жена, жените во Северна Македонија сè почесто се решаваат да раѓаат само по 1 дете.

Просечната возраст на мајката, во 2023 година при вкупниот број раѓања е 29.6 години, а кај прворотките 28.1 година. Во 2023 година се регистрирани 14 живородени деца од мајки на возраст помала од 15 години.

Според редот на раѓањето, 7387 или 44.1 % се прводродени, 6191 или 37.0 % се второродени, 2099 се третородени (12.5 %), а регистрирани се и 11 случаи на живородени деца како деветто и повеќе.

Според структурата по пол на живородените деца, поголемо учество од 50.9 % имаат машките, т.е. на 100 живородени женски деца 103.6 се машки.

Неповолната старосна структура има свое влијание и врз бројот на умрените лица. Во 2023 година, од вкупно 20 187 лица, 47.3 % се жени, а 52.7 % се мажи. Просечната возраст кај умрените од машки пол изнесува 72.1 години, односно 76.5 години кај лицата од женски пол, или за 4.4 години повисока просечна возраст се бележи кај жените.

Во 2023 година во вкупниот број случаи на насилна смрт (412) најголемо учество имаат „несреќните случаи“ со 69.9 %, каде жените учествуваат со 28.5 %, „самоубиствата“ со 25.2 % од кои 25 % се жени и „убиствата“ со 4.9 % од кои 20.0 % жени. Во вкупниот бројот на умрени лица во транспортни несреќи евидентно е поголемото учество на мажите со 80.0 %.

Како резултат на одложувањето на стапувањето во брак во повозрасните години, во 2023 година најмногу бракови се случиле во старосната група од 25 до 29 години, односно 4228 или 33.4 % кај жените и 4450 или 35.1 % кај мажите.

Просечната возраст при склучувањето прв брак е 27.5 години за невестата и 30.1 година за младоженецот. Најчесто е стапувањето во прв брак со учество од 93.2 % за жените и 92.2 % за мажите. Во втор брак со учество од 7.0 % и во трет брак со учество 0.8 %, од вкупниот број склучени бракови, почесто стапуваат мажите.

Според возраста, најголем број разводи се случиле во старосната група од 35 до 39 години, од кои 310 или 17.6 % кај жените и 295 или 17.6 % кај мажите. Според траењето на бракот, најмногу разводи 393 или 22.3 % се случиле од 5 до 9 години по склучувањето на бракот.

Податоците за внатрешните миграции покажуваат дека најголемо учество со 48.0 % имаат жените во возрасната група од 30 до 64 години. Според податоците за отселени граѓани на Република Северна Македонија во други држави во 2023 година, од вкупно 2034 лица, учеството на жените изнесува 47.5 %.

# ДЕФИНИЦИИ

**Природен прираст на населението**: разлика меѓу бројот на живородените деца и бројот на умрените лица за определен временски период.

**Стапка на наталитет**: претставува однос меѓу бројот на живородените деца и просечниот број на населението на средината на годината за која се пресметува, пресметана на 1000 жители.

**Стапка на природен прираст**: покажува разлика меѓу живородените деца и бројот на умрените лица во однос на просечниот број на населението на средината на годината за која се пресметува, пресметана на 1000 жители.

**Вкупна стапка на фертилитет**: го покажува веројатниот просечен број на живородени деца што би ги родила една жена од набљудуваната генерација, во фертилниот период (15-49 години), под услов на исто влијание на специфичните стапки на фертилитетот, како и во набљудуваната година, без влијание на морталитетот.

**Стапка на морталитет**: го покажува соодносот на бројот на умрените лица во текот на целата година и просечниот број на население (на средината на годината) за таа година, пресметана на 1000 жители.

**Стапката на перинатална смртност**, претставува збир на мртвородените и умрените живородени (доенчиња) во текот на првата недела од животот во однос на 1 000 живородени во истата календарска година.

**Стапката на неонатална смртност,** е дефинирана како однос на бројот на смртни случаи кај деца во доенечкиот период, односно периодот во првите 28 дена по породувањето на 1 000 живородени деца во истата календарска година.

**Перинаталната смртност** и **неонатална смртност**: се користи за мерење на квалитетот на здравствената заштита т.е. антенаталната грижа, перинаталната и постнаталната грижа, кои се дел од трите нивоа на здравствена заштита (примарна, секундарна и терциерна).

**Брак** е заедница на живот меѓу маж и жена уредена со закон, во која се остваруваат интересите на брачните другари, семејството и општеството.

**Разведен брак** е раскината брачна заедница со правосилна пресуда од надлежен суд.

**Внатрешни миграции** ги опфаќаат промените на местото на живеење во рамките на Република Северна Македонија.

**Надворешните миграции** ги опфаќаат движењата на граѓаните на Република Северна Македонија од Република Северна Македонија во друга држава и обратно, како и движењето на странците.

**Салдо на миграции на населението** претставува разлика меѓу бројот на доселени и бројот на отселени лица на одредено подрачје или држава во одреден период.

**Стапка на нупцијалитет**: го покажува соодносот меѓу бројот на склучените бракови во текот на една година и бројот на населението на средината на истата година, пресметана на 1000 жители.

**Стапка на диворцијалитет**: го покажува соодносот меѓу бројот на разведените бракови во текот на една година и бројот на населението на средината на истата година, пресметана на 1000 жители.

**Проценка на населението:** Бројот и старосно-половата структура на населението се утврдува со пописите на населението. Меѓутоа, десетгодишната периодика на пописите претставува многу долг период во кој се случуваат значајни промени како резултат на природното и на механичкото движење на населението, како во вкупниот број на населението, така и во неговата старосно-полова структура. Поради тоа, врз основа на податоците од пописите и на податоците за природното и за механичкото движење на населението, за меѓупописните години се изработуваат проценки на населението.

**Вкупната стапка на коефициентот на старосна зависност** го покажува соодносот помеѓу бројот на деца (0-14 години) и оние на возраст од 65 и повеќе, во однос на работоспособното население (15-64). Индикаторот претставува сооднос помеѓу вкупниот број лица што се на возраст 0-14 години кога главно се економски неактивни и бројот на лица на возраст од 65+.

ГРАФИКОН 1.

## Показатели за половата структура на населението низ пописите, 1931-2021




ГРАФИКОН 2.

## Број на мажи на 1000 жени низ пописите 1994, 2002 и 2021 г.






ГРАФИКОН 3.

## Население по возраст и по пол според пописите 1994, 2002 и 2021г.




ГРАФИКОН 4.

## Учество на жените и мажите според основните групи на возраст, Попис 2021 г.



ГРАФИКОН 5.

## Структура на население по региони, по пол, Попис 2021




| Регион | Пол | Вкупно | % |
|---|---|---|---|
| Вардарски Регион | Вкупно | 138 722 | 100 |
| | Жени | 68 847 | 49.6 |
| | Мажи | 69 875 | 50.4 |
| Источен Регион | Вкупно | 150 234 | 100 |
| | Жени | 75 123 | 50.0 |
| | Мажи | 75 111 | 50.0 |
| Југозападен Регион | Вкупно | 177 398 | 100 |
| | Жени | 89 033 | 50.2 |
| | Мажи | 88 365 | 49.8 |
| Југоисточен Регион | Вкупно | 148 387 | 100 |
| | Жени | 73 982 | 49.9 |
| | Мажи | 74 405 | 50.1 |

| Регион | Пол | Вкупно | % |
|---|---|---|---|
| Пелагониски Регион | Вкупно | 210 431 | 100 |
| | Жени | 105 449 | 50.1 |
| | Мажи | 104 982 | 49.9 |
| Полошки Регион | Вкупно | 251 552 | 100 |
| | Жени | 127 37 5 | 50.6 |
| | Мажи | 124 177 | 49.4 |
| Североисточен Регион | Вкупно | 152 982 | 100 |
| | Жени | 76 140 | 49.8 |
| | Мажи | 76 842 | 50.2 |
| Скопски Регион | Вкупно | 607 007 | 100 |
| | Жени | 309 677 | 51.0 |
| | Мажи | 297 330 | 49.0 |

ГРАФИКОН 6.

## Проценка на населението, по возраст и пол, состојба на 30.06.2023



ТАБЕЛА 1.

Просечна возраст на населението

| Мажи | | Жени |
|---|---|---|
| 39.9 | 2021 | 41.7 |
| 40 | 2022 | 41.9 |
| 40.3 | 2023 | 42.1 |



ТАБЕЛА 2.

Очекувано траење на животот

| Мажи | | Жени |
|---|---|---|
| 72.4 | 2019-2021 | 76.8 |
| 72.2 | 2020-2022 | 76.7 |
| 73.2 | 2021-2023 | 77.6 |

ТАБЕЛА 3.

Вкупно резидентно население според видот на попреченост, групи на возраст и пол, Попис 2021

| Вид на попреченост | Пол | Возрасни групи | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | 0-14 | 15-65 | 65+ |
| **Вкупно** | Вкупно | 94 412 | 1 674 | 40 985 | 51 753 |
| | Жени | 52 203 | 661 | 20 415 | 31 127 |
| | Мажи | 42 209 | 1 013 | 20 570 | 20 626 |
| **Со движењето** | Вкупно | 38 499 | 258 | 13 597 | 24 644 |
| | Жени | 23 021 | 121 | 6 859 | 16 041 |
| | Мажи | 15 478 | 137 | 6 738 | 8 603 |
| **Со видот** | Вкупно | 12 371 | 307 | 5 678 | 6 386 |
| | Жени | 6 917 | 157 | 3 090 | 3 670 |
| | Мажи | 5 454 | 150 | 2 588 | 2 716 |
| **Со слухот** | Вкупно | 5 947 | 69 | 1 419 | 4 459 |
| | Жени | 2 906 | 29 | 666 | 2 211 |
| | Мажи | 3 041 | 40 | 753 | 2 248 |
| **Со комуникацијата** | Вкупно | 3 896 | 385 | 2 193 | 1 318 |
| | Жени | 1 670 | 106 | 841 | 723 |
| | Мажи | 2 226 | 279 | 1 352 | 595 |
| **Други потешкотии** | Вкупно | 33 699 | 655 | 18 098 | 14 946 |
| | Жени | 17 689 | 248 | 8 959 | 8 482 |
| | Мажи | 16 010 | 407 | 9 139 | 6 464 |

ТАБЕЛА 4.

## Живородени деца според возраста и брачната состојба на мајката

| | 2021 | | 2022 | | 2023 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Во брак | Вон брак | Во брак | Вон брак | Во брак | Вон брак |
| **Вкупно** | **16 102** | **2 546** | **15 775** | **2 298** | **14 681** | **2 056** |
| Под 15 год. | - | 20 | - | 17 | - | 14 |
| 15-19 | 311 | 480 | 272 | 433 | 215 | 369 |
| 20-24 | 2 645 | 670 | 2 636 | 587 | 2 291 | 498 |
| 25-29 | 5 685 | 649 | 5 432 | 571 | 5 026 | 491 |
| 30-34 | 4 992 | 454 | 4 894 | 405 | 4 609 | 385 |
| 35-39 | 2 074 | 207 | 2 091 | 204 | 2 087 | 226 |
| 40-44 | 376 | 61 | 410 | 72 | 414 | 61 |
| 45-49 | 13 | 3 | 34 | 6 | 34 | 9 |
| 50 + | 6 | 2 | 6 | 3 | 5 | 2 |
| Непознато | - | - | - | - | - | 1 |

ГРАФИКОН 7.

## Структура на живородените деца според возраста на мајката



ТАБЕЛА 5.

Живородени деца според возраста на мајката, град/село

| | 2021 | | 2022 | | 2023 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Град | Село | Град | Село | Град | Село |
| **Вкупно** | **11 772** | **8 073** | **10 866** | **7 207** | **10 171** | **6 566** |
| Под 15 год. | 15 | 1 | 12 | 5 | 7 | 7 |
| 15-19 | 511 | 387 | 428 | 277 | 351 | 233 |
| 20-29 | 5 442 | 4 890 | 4 904 | 4 322 | 4 443 | 3 863 |
| 30-39 | 5 454 | 2 665 | 5 148 | 2 446 | 4 966 | 2 341 |
| 40-49 | 343 | 130 | 368 | 154 | 397 | 121 |
| 50 + | 7 | - | 5 | 3 | 5 | 1 |
| Непознато | - | - | 1 | 0 | 2 | - |

ТАБЕЛА 6.

Просечна возраст на мајката при раѓање, вкупно и на првото дете

| Вкупно раѓања | | Прво раѓање |
|---|---|---|
| 29.2 | 2021 | 27.5 |
| 29.4 | 2022 | 27.7 |
| 29.6 | 2023 | 28.1 |



ГРАФИКОН 8.

Тотална стапка на фертилитет



## ГРАФИКОН 9. Витален индекс – живородени на 100 умрени




## ТАБЕЛА 7. Морталитет

| Стапка на морталитет | |
|---|---|
| 2021 | 15.5 |
| 2022 | 12.3 |
| 2023 | 11.0 |

| Стапка на неонатална смртност | |
|---|---|
| 2021 | 2.9 |
| 2022 | 1.4 |
| 2023 | 0.9 |

| Стапка на перинатална смртност | |
|---|---|
| 2021 | 9.3 |
| 2022 | 6.9 |
| 2023 | 7.6 |

| Стапка на смртност кај доенчиња | |
|---|---|
| 2021 | 4.6 |
| 2022 | 3.2 |
| 2023 | 1.8 |

| Стапка на смртност на деца под 5 години | |
|---|---|
| 2021 | 4.9 |
| 2022 | 3.8 |
| 2023 | 2.4 |

ТАБЕЛА 8.

## Умрени доенчиња според возраста

| | Вкупно | До 24 часа | Од 1-6 дена | 7 - 29 дена | 1 - 3 месеци | 4 - 6 месеци | 7-11 месеци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2021 | 85 | 12 | 19 | 23 | 17 | 8 | 6 |
| 2022 | 58 | 9 | 6 | 12 | 16 | 10 | 5 |
| 2023 | 30 | 3 | 5 | 7 | 7 | 5 | 3 |

ТАБЕЛА 9.

## Умрени лица по пол, град/село

| | 2021 | | | 2022 | | | 2023 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Женски | Машки | Вкупно | Женски | Машки | Вкупно | Женски | Машки |
| Вкупно | 28 516 | 13 361 | 15 155 | 22 459 | 11 868 | 10 591 | 20 187 | 10 640 | 9 547 |
| Град | 17 955 | 8 259 | 9 696 | 14 354 | 7 514 | 6 840 | 12 724 | 6 657 | 6 067 |
| Село | 10 561 | 5 102 | 5 459 | 8 105 | 4 354 | 3 751 | 7 463 | 3 983 | 3 480 |

ГРАФИКОН 10.

## Просечна возраст на умрените






ТАБЕЛА 10.

## Умрени лица од насилна смрт

| | 2021 | | 2022 | | 2023 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи |
| **Вкупно** | **258** | **419** | **132** | **354** | **112** | **300** |
| Несреќни случаи | 225 | 339 | 107 | 275 | 82 | 206 |
| Самоубиства | 32 | 73 | 24 | 74 | 26 | 78 |
| Убиства | 1 | 7 | 1 | 5 | 4 | 16 |
| **Во %** | **100** | **100** | **100** | **100** | **100** | **100** |
| Несреќни случаи | 87.2 | 80.9 | 81.1 | 77.7 | 73.2 | 68.7 |
| Самоубиства | 12.4 | 17.4 | 18.2 | 20.9 | 23.2 | 26 |
| Убиства | 0.4 | 1.7 | 0.8 | 1.4 | 3.6 | 5.3 |

ГРАФИКОН 11.

## Умрени лица во транспортни несреќи






ГРАФИКОН 12.

Склучени бракови според возраста



ТАБЕЛА 11.

## Склучен прв брак на невестата според возраста, под 20 години

| Возраст на невеста | Прв брак | | |
|---|---|---|---|
| | 2021 | 2022 | 2023 |
| 16 | 23 | 32 | 26 |
| 17 | 46 | 40 | 39 |
| 18 | 447 | 349 | 336 |
| 19 | 519 | 443 | 391 |
| **Вкупно** | **1 035** | **864** | **792** |

ТАБЕЛА 12.

## Склучен прв брак според возраста на младоженецот под 20 години

| Возраст на младоженец | Прв брак | | |
|---|---|---|---|
| | 2021 | 2022 | 2023 |
| 16 | 2 | 1 | 2 |
| 17 | 6 | 3 | 2 |
| 18 | 54 | 50 | 47 |
| 19 | 109 | 120 | 102 |
| **Вкупно** | **171** | **174** | **153** |

ТАБЕЛА 13.

## Просечна возраст при склучување прв брак

| Жени | | Мажи |
|---|---|---|
| 27.0 | 2021 | 29.8 |
| 27.1 | 2022 | 29.9 |
| 27.5 | 2023 | 30.1 |



ТАБЕЛА 14.

## Склучени бракови според поранешната брачна состојба

| Поранешна брачна состојба | Жени | Мажи |
|---|---|---|
| 2021 | | |
| Немажена/неженет | 12 531 | 12 437 |
| Вдовица/вдовец | 59 | 89 |
| Разведена/разведен | 747 | 811 |
| 2022 | | |
| Немажена/неженет | 12 065 | 12 001 |
| Вдовица/вдовец | 71 | 109 |
| Разведена/разведен | 746 | 772 |
| 2023 | | |
| Немажена/неженет | 11 813 | 11 687 |
| Вдовица/вдовец | 85 | 136 |
| Разведена/разведен | 774 | 849 |

ТАБЕЛА 15.

## Склучени бракови според бракот по ред

| Брак по ред | Жени | Мажи |
|---|---|---|
| 2021 | | |
| Прв | 12 531 | 12 437 |
| Втор | 777 | 825 |
| Трет и повеќе | 29 | 75 |
| 2022 | | |
| Прв | 12 065 | 12 001 |
| Втор | 785 | 811 |
| Трет и повеќе | 32 | 70 |
| 2023 | | |
| Прв | 11 813 | 11 687 |
| Втор | 813 | 882 |
| Трет и повеќе | 46 | 103 |

ТАБЕЛА 16.

## Разведени бракови според возраста на сопружниците

| | Сопруга | Сопруг | Сопруга | Сопруг | Сопруга | Сопруг |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | | 2022 | | 2023 | |
| **Вкупно** | **1 964** | | **1 613** | | **1 765** | |
| Под 20 | 14 | 1 | 14 | 3 | 14 | 2 |
| 20 – 24 | 160 | 72 | 126 | 52 | 151 | 68 |
| 25 – 29 | 307 | 207 | 252 | 178 | 262 | 211 |
| 30 – 34 | 354 | 330 | 298 | 281 | 314 | 289 |
| 35 – 39 | 364 | 365 | 269 | 268 | 310 | 295 |
| 40 – 44 | 274 | 308 | 239 | 273 | 273 | 268 |
| 45 – 49 | 199 | 242 | 183 | 205 | 189 | 235 |
| 50 + | 292 | 439 | 232 | 353 | 252 | 397 |

ТАБЕЛА 17.

## Разводи според траењето на бракот

| Траење во години | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2021 | 2022 | 2023 |
| **Вкупно** | **1 964** | **1 613** | **1 975** |
| Под 1 | 91 | 72 | 79 |
| 1 | 137 | 113 | 143 |
| 2 | 149 | 90 | 114 |
| 3 | 115 | 98 | 111 |
| 4 | 102 | 110 | 121 |
| 5-9 | 451 | 360 | 393 |
| 10-14 | 276 | 230 | 248 |
| 15+ | 643 | 540 | 556 |

ГРАФИКОН 13.

## Разведени бракови според доделени деца по разводот на бракот (%)



ТАБЕЛА 18.

## Основни показатели за склучени и разведени бракови

| Година | Стапка на нупцијалитет (склучени бракови на 1000 жители) | Стапка на диворцијалитет (разведени бракови на 1000 жители) | Разведени бракови на 1000 склучени |
|---|---|---|---|
| **2021** | 7.3 | 1.1 | 147.3 |
| **2022** | 7.0 | 0.9 | 125.2 |
| **2023** | 6.9 | 1.0 | 139.3 |

ГРАФИКОН 14.

## Семејства според типот на семејството, Попис 2021



ТАБЕЛА 19.

## Внатрешни миграции

Доселени граѓани, според пол и возраст

| | Северна Македонија | Скопје | Северна Македонија | Скопје | Северна Македонија | Скопје |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | | 2022 | | 2023 | |
| **Вкупно** | **6 407** | **1 999** | **6 377** | **2 342** | **6 220** | **2 00 5** |
| 0-14 | 2 | 0 | 8 | 2 | 23 | 2 |
| 15-29 | 2 786 | 591 | 2 609 | 698 | 2 372 | 543 |
| 30-64 | 3 182 | 1 279 | 3 288 | 1 461 | 3 350 | 1 321 |
| 65+ | 437 | 129 | 472 | 181 | 475 | 139 |
| **Жени** | **4 593** | **1 167** | **4 554** | **1 393** | **4 412** | **1 231** |
| 0-14 | 2 | 0 | 4 | 2 | 9 | 0 |
| 15-29 | 2 409 | 409 | 2 230 | 487 | 2 039 | 390 |
| 30-64 | 1 976 | 696 | 2 087 | 820 | 2 114 | 765 |
| 65+ | 206 | 62 | 233 | 84 | 250 | 76 |
| **Мажи** | **1 814** | **832** | **1 823** | **949** | **1 808** | **774** |
| 0-14 | 0 | 0 | 4 | 0 | 14 | 2 |
| 15-29 | 377 | 182 | 379 | 211 | 333 | 153 |
| 30-64 | 1 206 | 583 | 1 201 | 641 | 1 236 | 556 |
| 65+ | 231 | 67 | 239 | 97 | 225 | 63 |

ТАБЕЛА 20.

## Доселени граѓани по пол, по региони

| | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | | | 2022 | | | 2023 | | |
| **Северна Македонија** | 3 381 | 1 019 | 2 362 | 3 628 | 1 133 | 2 495 | 3 542 | 1 094 | 2 448 |
| **Вардарски** | 262 | 53 | 209 | 244 | 48 | 196 | 236 | 45 | 191 |
| **Источен** | 272 | 57 | 215 | 241 | 57 | 184 | 284 | 71 | 213 |
| **Југозападен** | 314 | 94 | 220 | 359 | 116 | 243 | 381 | 132 | 249 |
| **Југоисточен** | 263 | 73 | 190 | 252 | 55 | 197 | 248 | 66 | 182 |
| **Пелагониски** | 240 | 55 | 185 | 208 | 49 | 159 | 258 | 62 | 196 |
| **Полошки** | 258 | 44 | 214 | 224 | 48 | 176 | 238 | 39 | 199 |
| **Североисточен** | 220 | 45 | 175 | 197 | 38 | 159 | 180 | 30 | 150 |
| **Скопски** | 1 552 | 598 | 954 | 1 903 | 722 | 1 181 | 1 717 | 649 | 1 068 |

Забелешка: Податоците се однесуваат на вкупно доселени-отселени граѓани во Република Северна Македонија, но не се вклучени доселбите-отселбите во ист регион.

ТАБЕЛА 21.

## Отселени во други држави според полот и возраста, по региони

| | | РСМ | | Вардарски | | Источен | | Југозападен | | Југоисточен | | Пелагониски | | Полошки | | Североисточен | | Скопски | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Граѓани на РСМ | Странци | Граѓани на РСМ | Странци | Граѓани на РСМ | Странци | Граѓани на РСМ | Странци | Граѓани на РСМ | Странци | Граѓани на РСМ | Странци | Граѓани на РСМ | Странци | Граѓани на РСМ | Странци | Граѓани на РСМ | Странци |
| | | **2021** | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 0-14 | М | 60 | 6 | 7 | 0 | 14 | 0 | 3 | 0 | 1 | 2 | 1 | 3 | 5 | 0 | 6 | 0 | 23 | 1 |
| | Ж | 61 | 4 | 6 | 0 | 14 | 0 | 6 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 7 | 0 | 6 | 1 | 20 | 2 |
| 15-29 | М | 218 | 33 | 33 | 1 | 20 | 0 | 54 | 3 | 13 | 1 | 7 | 7 | 26 | 2 | 5 | 0 | 60 | 19 |
| | Ж | 176 | 19 | 31 | 0 | 15 | 0 | 40 | 2 | 16 | 0 | 3 | 6 | 34 | 6 | 4 | 0 | 33 | 5 |
| 30-64 | М | 321 | 100 | 56 | 2 | 22 | 0 | 45 | 20 | 24 | 0 | 25 | 19 | 63 | 0 | 7 | 2 | 79 | 57 |
| | Ж | 334 | 17 | 46 | 0 | 15 | 0 | 43 | 0 | 37 | 1 | 17 | 5 | 64 | 1 | 13 | 1 | 99 | 9 |
| 65+ | М | 26 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 12 | 0 | 0 | 0 | 10 | 1 |
| | Ж | 34 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 10 | 0 | 3 | 0 | 1 | 0 | 11 | 0 | 2 | 0 | 5 | 2 |
| | | **2022** | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 0-14 | М | 79 | 31 | 3 | 0 | 28 | 0 | 4 | 2 | 0 | 2 | 0 | 1 | 7 | 1 | 0 | 0 | 37 | 25 |
| | Ж | 86 | 33 | 4 | 0 | 26 | 0 | 6 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 9 | 0 | 2 | 0 | 39 | 32 |
| 15-29 | М | 248 | 92 | 27 | 5 | 26 | 0 | 53 | 11 | 7 | 0 | 1 | 6 | 41 | 5 | 2 | 0 | 91 | 65 |
| | Ж | 220 | 36 | 29 | 0 | 18 | 0 | 47 | 0 | 6 | 1 | 1 | 1 | 34 | 7 | 2 | 1 | 83 | 26 |
| 30-64 | М | 624 | 231 | 83 | 7 | 62 | 0 | 76 | 39 | 23 | 12 | 3 | 6 | 117 | 3 | 6 | 0 | 254 | 164 |
| | Ж | 488 | 41 | 55 | 0 | 29 | 1 | 82 | 1 | 21 | 2 | 0 | 1 | 88 | 3 | 4 | 1 | 209 | 32 |
| 65+ | М | 84 | 3 | 1 | 0 | 1 | 0 | 20 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 29 | 0 | 1 | 0 | 31 | 1 |
| | Ж | 76 | 2 | 4 | 0 | 2 | 0 | 10 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 35 | 0 | 0 | 0 | 23 | 2 |
| | | **2023** | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 0-14 | М | 104 | 6 | 32 | 0 | 26 | 0 | 5 | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 | 9 | 0 | 0 | 0 | 32 | 3 |
| | Ж | 113 | 10 | 27 | 0 | 42 | 0 | 3 | 0 | 0 | 1 | 0 | 7 | 2 | 0 | 3 | 0 | 36 | 2 |
| 15-29 | М | 285 | 80 | 61 | 2 | 23 | 0 | 74 | 3 | 11 | 3 | 0 | 17 | 44 | 0 | 2 | 3 | 70 | 52 |
| | Ж | 242 | 14 | 59 | 0 | 21 | 0 | 70 | 0 | 13 | 1 | 0 | 2 | 27 | 2 | 1 | 1 | 51 | 8 |
| 30-64 | М | 624 | 201 | 116 | 7 | 46 | 0 | 114 | 29 | 39 | 4 | 0 | 27 | 131 | 4 | 2 | 0 | 176 | 130 |
| | Ж | 541 | 30 | 119 | 0 | 38 | 0 | 124 | 2 | 40 | 1 | 0 | 12 | 87 | 3 | 3 | 0 | 130 | 12 |
| 65+ | М | 55 | 2 | 11 | 0 | 3 | 0 | 8 | 1 | 3 | 0 | 0 | 0 | 7 | 0 | 0 | 0 | 23 | 1 |
| | Ж | 70 | 0 | 8 | 0 | 3 | 0 | 11 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 11 | 0 | 0 | 0 | 36 | 0 |


2
3
4

# ЗДРАВСТВО

Во 2023 година, од вкупниот број умрени лица, 47.3 % се жени. Најголемо учество имаат умрените лица од болести на циркулаторниот систем со 8836 лица, од кои 50.6 % се жени, потоа следуваат случаите каде што како причина за смрт се јавува неоплазма, од кои 40 % се жени. Стапката на смртност од хронични болести е значително поголема кај мажите отколку кај жените. Вкупниот бројот на самоубиства е речиси ист, но во поголем број се причина за смрт кај мажите.

Податоците од областа на сексуалното и репродуктивното здравје покажуваат дека стапката на абортуси се намалила од 17.1 абортуси на 100 живородени деца во 2021 година на 13.2 во 2023 година. Во истиот период значајно е намален и бројот на абортуси кај жени на возраст над 35 години.

Просечно во Република Северна Македонија во периодот од 2013 до 2022 година нови случаи на рак на ниво на година има 7217 односно на 100 000 население има 374.78 случаи. 53.8 % од случаите се мажи, додека 46.2 % се жени. До 50 годишна возраст жените се застапени со 61.8 %, а мажите со 38.2%. Над 50 годишна возраст мажите се застапени со 55.9 % за разлика од жените со 44.1 %.

Околу 88 % од случаите на рак се меѓу популацијата што е постара од 50 години од кои помеѓу 50 и 60 години се 18.2 %. Околу 0.1 % од случаите на карцином се јавуваат кај деца и адолесценти помлади од 15 години.

Најзастапена дијагноза кај женското население е малигната неоплазма на дојка со 25.1 %.

## ДЕФИНИЦИИ

**Умрено лице** е секое живородено лице кај кое настанало траен престанок на сите витални функции

**Абортус** — прекин на бременост

**Рак** е сеопфатен назив за повеќе од сто различни болести кои се јавуваат во случај на неконтролиран раст на клетките поради дефекти во нормалниот работен механизам на нашето тело

ТАБЕЛА 1.

## Умрени лица според причината за смрт[1]

| | 2021 | | | 2022 | | | 2023 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| **Вкупно** | **28 516** | **15 155** | **13 361** | **22 459** | **11 868** | **10 591** | **20 187** | **10 640** | **9 547** |
| Болести на циркулаторниот систем | 10 238 | 5 054 | 5 184 | 9 284 | 4 555 | 4 729 | 8 836 | 4 369 | 4 467 |
| Неоплазми | 3 931 | 2 336 | 1 595 | 3 809 | 2 227 | 1 582 | 3 747 | 2 249 | 1 498 |
| Симптоми, знаци и ненормални клинички наоди, некласифицирани на друго место | 2 521 | 1 335 | 1 186 | 2 960 | 1 582 | 1 378 | 2 804 | 1 497 | 1 307 |
| КОВИД-19 | 5 888 | 3 384 | 2 504 | 1 532 | 944 | 588 | 1 449 | 637 | 812 |
| Болести на респираторниот систем | 1 192 | 663 | 529 | 1 002 | 558 | 444 | 943 | 560 | 383 |
| Ендокрини, нутритивни и метаболички болести | 1 661 | 694 | 967 | 1 507 | 693 | 814 | 909 | 374 | 535 |
| Болести на нервниот систем | 1 074 | 466 | 608 | 958 | 416 | 542 | 515 | 275 | 240 |
| Болести на генитоуринарниот систем | 517 | 279 | 238 | 463 | 250 | 213 | 350 | 252 | 98 |
| Повреди, труења и други одредени последици од надворешни причини | 677 | 419 | 258 | 486 | 354 | 132 | 119 | 77 | 42 |
| Болести на дигестивниот систем | 600 | 398 | 202 | 311 | 213 | 98 | 412 | 300 | 112 |
| Друго | 217 | 127 | 90 | 147 | 76 | 71 | 103 | 50 | 53 |

1 Меѓународна статистичка класификација на болестите и на сродните здравствени проблеми, 10. ревизија

ГРАФИКОН 1.

## Стапка на смртност од хронични болести, на 100 000 лица на возраст под 65 години




ГРАФИКОН 2.

## Нови случаи и смртност од рак во Република Северна Македонија 2013-2022




ТАБЕЛА 2.

### Смртност од рак

| Мажи | | Жени |
|---|---|---|
| 2 324 | 2020 | 1 588 |
| 2 324 | 2021 | 1 598 |
| 2 223 | 2022 | 1 586 |

Извор : Институт за јавно здравје

ТАБЕЛА 3.

## Старосна распределба на случаи на рак во текот на 10 години, 2013 - 2022

| | | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| >=0 - <5 | мажи | 4 | 3 | 6 | 8 | 4 | 6 | 6 | 4 | 6 | 5 |
| | жени | 5 | 1 | 1 | 4 | 5 | 3 | 4 | 3 | 2 | 2 |
| >=5 - <10 | мажи | 7 | 6 | 8 | 3 | 4 | 2 | 10 | 5 | 0 | 3 |
| | жени | 2 | 5 | 2 | 1 | 3 | 1 | 4 | 5 | 2 | 7 |
| >=10 - <15 | мажи | 2 | 6 | 9 | 5 | 2 | 4 | 9 | 3 | 3 | 3 |
| | жени | 2 | 8 | 4 | 2 | 4 | 1 | 7 | 3 | 4 | 5 |
| >=15 - <20 | мажи | 5 | 10 | 8 | 9 | 12 | 13 | 13 | 10 | 10 | 10 |
| | жени | 11 | 12 | 8 | 7 | 11 | 6 | 11 | 4 | 5 | 9 |
| >=20 - <25 | мажи | 14 | 15 | 21 | 21 | 18 | 10 | 14 | 11 | 16 | 12 |
| | жени | 11 | 15 | 11 | 20 | 17 | 14 | 9 | 15 | 10 | 21 |
| >=25 - <30 | мажи | 31 | 25 | 17 | 25 | 20 | 22 | 18 | 21 | 28 | 31 |
| | жени | 27 | 24 | 25 | 18 | 22 | 10 | 24 | 23 | 36 | 27 |
| >=30 - <35 | мажи | 26 | 32 | 43 | 42 | 21 | 29 | 33 | 23 | 34 | 42 |
| | жени | 52 | 38 | 56 | 37 | 61 | 43 | 55 | 55 | 46 | 47 |
| >=35 - <40 | мажи | 42 | 44 | 42 | 45 | 40 | 42 | 55 | 38 | 46 | 61 |
| | жени | 75 | 92 | 81 | 89 | 85 | 80 | 96 | 97 | 90 | 110 |
| >=40 - <45 | мажи | 67 | 64 | 66 | 82 | 66 | 65 | 70 | 61 | 62 | 81 |
| | жени | 124 | 125 | 134 | 124 | 128 | 146 | 131 | 120 | 145 | 177 |
| >=45 - <50 | мажи | 133 | 140 | 103 | 120 | 109 | 126 | 130 | 121 | 120 | 123 |
| | жени | 194 | 208 | 208 | 199 | 207 | 199 | 209 | 186 | 208 | 262 |
| >=50 - <55 | мажи | 234 | 295 | 259 | 222 | 217 | 263 | 219 | 184 | 197 | 227 |
| | жени | 259 | 289 | 303 | 289 | 309 | 320 | 264 | 244 | 264 | 341 |
| >=55 - <60 | мажи | 419 | 448 | 445 | 434 | 410 | 417 | 372 | 337 | 317 | 423 |
| | жени | 398 | 416 | 400 | 373 | 418 | 416 | 403 | 329 | 350 | 434 |
| >=60 - <65 | мажи | 521 | 658 | 605 | 642 | 620 | 644 | 650 | 567 | 558 | 617 |
| | жени | 447 | 469 | 504 | 487 | 505 | 519 | 465 | 439 | 455 | 578 |
| >=65 - <70 | мажи | 531 | 659 | 769 | 719 | 776 | 819 | 765 | 689 | 737 | 881 |
| | жени | 415 | 513 | 490 | 501 | 552 | 548 | 554 | 491 | 569 | 641 |
| >=70 - <75 | мажи | 511 | 606 | 548 | 570 | 597 | 675 | 731 | 616 | 685 | 884 |
| | жени | 324 | 416 | 407 | 402 | 453 | 459 | 444 | 434 | 485 | 571 |
